Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2005, 3/2006, 44/2006, 66/2006, 16/2007, 57/2007, 77/2007, 106/2008, 161/2008, 63/2009, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 10/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 106/14, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 134/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), согласно со Правилник за систематизација на работните места во Општина Аеродром број 04-8001/1 од 05.12.2024 година и број 04-3318/4 од 30.05.2025 година и согласно со Годишниот план за вработување на Општина Аеродром за 2025 година (измена и дополна) број 04-3325/1 од 21.5.2025 година, Општина Аеродром објавува

# О Г Л А С
## за вработување работници на неопределено работно време

Општина Аеродром има потреба од вработување еден работник на неопределено работно време со полно работно време на следново работно место:
1. Кафекувар - шифра УПР 04 04 А03 001 - 1 (еден) извршител, во Одделение за општи и организациски работи, Сектор за работи на градоначалникот

**Општи услови**

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови**

- Средно гимназиско или средно стручно образование или основно образование
- Без или со работно искуство

Работното време е од понеделник до петок, 8 работни часа од 7:30 до 15:30 (од 08:30-16:30 часот), 40 часа неделно, а основната нето-плата изнесува 29.882,00 (дваесет и девет илјади осумстотини и два) денари.

Кадидатите за наведеното работно место покрај молба/пријава, се должни да достават и соодветни докази во оригинал или копија заверена на нотар во однос на исполнувањето на општите и посебните услови и тоа:

- кратка биографија
- уверение за државјанство
- лекарско уверение за соодветното работно место
- доказ за завршено образование кое се бара за соодветното работно место
- доказ за работно искуство
- доказ за неизречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Бараните документи да се достават во архивата на Општина Аеродром на адреса бул.„Јане Сандански“ број 109б, тел. 02/2400-970.
Уредните кандидати ќе бидат повикани на интервју.
Огласот трае 3 (три) работни дена од денот на објавувањето, а изборот на кандидат ќе се изврши во рок од 3 (три) работни дена по истек на рокот за пријавување.
Ненавремените и некомплетни пријави нема да се разгледуваат.
Лице за контакт: Ирена Петревска,телефон 02/2401-542.

**Општина Аеродром**